Република Северна Македонија

**Министерство за здравство**

Бр. 17-2841/1

30.03.2020 година

ДО

- **ЈЗУ УК за инфективни болести и фебрилни состојби Скопје**
- **ЈЗУ Општи болници –СИТЕ**
- **ЈЗУ Клинички болници–СИТЕ**

**Предмет** :Укажување за постапување со пациенти лабораторски потврдени на КОВИД-19 на инфективни одделенија

Почитувани ,

Министерството за здравство врз основа на заклучокот на комисијата за заразни боелсти од состанокот одржан на ден 30.03.2020 година, а со цел навремно и професионално следење на состојбата со пациентите кои се лабораториски потврдени на КОВИД-19 укажува на следното:

- Пациентите кои се **без симптоми, пациенти** со лабораториски потврден КОВИД-19 остануваат на домашно лекување и под надзор на матичниот лекар во координација со инфектолог;

- Пациентите потврдени на КОВИД-19 , кои се со лесна клиничка слика и без коморбидитети **задолжително** треба да бидат следени од страна на инфектологот, генерално по пат на телфонско јавување од страна на инфектологот, при што лекарот ќе се информира за моменталната состојба на пациентиот (како се чувствува, какви симптоми манифестира/има, висина на телесна температура, како се чувствува споредено со претходниот ден и сл.)

- Пациентите со **лесна клиничка слика** со лабораториски потврден КОВИД-19 и со коморбидитети како и пациенти кај кои поради социјалниот момент/условите во семејството има опасност од зголемена трансмисија **се лекуваат на инфективното одделение во болницата ;**

- Инфективното одделение треба да отвори книга за евиденција во која инфектологот ќе ги забележува информациите на дневна основа кои ги добил од контактот со пациентите;


Министерство за здравство на Република Северна Македонија
Ул. „50 Дивизија" бр. 14, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3112500
www.zdravstvo.gov.mk

- Инфективните одделенија при општи и клинички болници на дневна основа **ЗАДОЛЖИТЕЛНО** да доставуваат известување до министерството за здравство за состојбата со пациентите на домашно лекување;

- Доколку кај пациентот се јават знаци кои укажуваат на прогресија на болеста или се чувствува полошо од претходното пациентот треба да се повика на **ИТЕН ПРЕГЛЕД** во специјална ординација/просторија на одделот со цел проценка на моменталната состојба на пациентот и потреба од хоспитализација на пациентот на инфективното одделение.

- Пациентите со потврден КОВИД-19 и со тешка пневмонија, АРДС, сепса, септичен шок и мултиоргански засегања, **ЗАДОЛЖИТЕЛНО** треба да се упатуваат на ЈЗУ Универзитетска клиника за инфективни болести и фебрилни состојби- Скопје, со запазување на принципот на упатување (со претходна најава) и начин на транспорт (амбулантно возило) .

- Просторно да се одделат хоспитализираните пациенти позитивни на КОВИД-19 од суспектните пациенти. Пациентите позитивни на КОВИД-19 може да се кохортираат со запазување на растојанието помеѓу креветите кое не е помало од 1,2 м.

- Суспектните пациенти кои имаат потреба од хоспитализација да се хоспитализираат исклучиво во еднокреветни соби.

- Најитно да се определи простор за преглед и иницијална проценка/ тријажа и земање на назофарингеален брис на инфективното одделение.

Подготвил: Прим.Д-р Сузана Маневска

Одобрил: Државен секретар д-р Владимир Милошев

**МИНИСТЕР**

**Доц.д-р Венко ФИЛИПЧЕ**



Министерство за здравство на Република Северна Македонија

Ул. „50 Дивизија" бр. 14, Скопје Република Северна Македонија

+389 2 3112500

www.zdravstvo.gov.mk